# Летниот непристоен предлог

Вај Киленд

САКАМ КНИГИ

Во животот на секоја девојка секогаш постои едно момче што никогаш не се заборава и едно лето кога започнува сѐ...

## *Поглавје 1*

## ***Џорџија***

„Што да те послужам?“ прашува шанкерот и поставува салфетка пред мене.

„Хмм... Чекам некого, можеби подобро да почекам.“

Потчукнува по шанкот со зглобовите. „Добро, ќе фрлам поглед одвреме-навреме и ќе се вратам кога ќе ти се придружи.“

Но штом пушта чекор за да замине, се премислувам. „Знаеш што?“, поткревам рака како ученик.

Се врти со насмевка и крева веѓа. „Се премисли?“

Кимнувам. „На наместена средба сум, па сакав да бидам учтива и да го почекам, ама мислам дека добро би ми дошло нешто за тремава.“

„Добра одлука. Што ќе пиеш?“

„Едно пино гриџо ако може. Благодарам.“

По неколку минути се враќа со полна чаша и се наслонува на шанкот. „Значи, наместена средба, а?“

Се напивам од виното и кимнувам со главата воздивнувајќи. „Ма, прифатив да ѝ направам ќеф на мајка ми. Нејзината пријателка Френи, која има седумдесет и четири години, ми го намести нејзиниот внук од братучед. Според неа, бил ‘просечен, ама добар човек’. Треба да се најдеме тука во пет и пол, јас стигнав малку порано. “

„Првпат ти местат некој?“

„Всушност, вторпат. Првиот беше пред седум години. Мислам дека доволно кажува тоа што ми требаа седум години да се соземам од таа средба.“

Шанкерот се смее. „Толку лошо беше?“

„Ми рекоа дека е комичар. Па си помислив: колку може да биде лошо да излезеш со некој што заработува засмевајќи луѓе? Ама не ми кажаа дека е вентрилокист. Типот се појави со кукла! Не ни сакаше да ми се обраќа директно, настојуваше да разговарам само со куклата. А куклата, патем, се викаше Перверзниот Дејв и секој втор збор му беше некој простотилак. Најтрагично беше што устата му се движеше додека зборуваше преку куклата, па ни занаетот не си го знаеше како што треба.“

„Леле.“ Шанкерот се смее. „Јас не знам дали би се нафатил на вакво нешто по такво искуство, макар и да поминале години.“

Воздивнувам. „И јас почнувам да жалам што прифатив.“

„Ако влезе некој со кукла, немој да се секираш.“ Покажува со главата кон ходникот зад себе. „Знам каде се сите можни излези, па ако тргне на лошо работата, ќе те извлечам надвор.“

Му се насмевнувам. „Фала.“

Еден пар седнува на другиот крај од шанкот, па шанкерот оди да ги услужи, а јас продолжувам да зјапам кон влезот. Намерно седнав на ќошот од шанкот за да имам поглед кон вратата и да го измерам убаво пред тој да ме здогледа мене. Не дека планирам да му избегам ако не ми се допадне, ама не сакам да ми ја види скиселената фаца. Не сум баш вешта во криење на изразите на лицето.

Неколку минути подоцна вратата од ресторанот се отвора и влегува еден толку згоден тип што ми паѓа вилицата. Изгледа како излезен од реклама за машки парфем снимена на некоја тиркизна плажа. Срцето ми заигрува, ама веднаш ја спуштам топката, нема шанси да е тој.

Френи ми го опиша Адам како класичен компју-терџија. А на секое мое дополнително прашање за него, нејзиниот одговор беше: „Па... просечно.“

*Колку е висок? Просечно.*

*Згоден ли е? Просечно.*

*Градба? Просечна.*

Овој пред мене е висок, со широки рамена, големи привлечни сини очи, цврста вилица, темна коса која му е малку разбушавена, ама баш му стои таква и, иако носи само кошула и панталони, јасно се гледа дека е како извајан. Ако Френи смета дека ова е просечно, тогаш стварно треба да се преиспита.

Ох леле...

Па, си беше малку чудна. Последниот пат кога бев кај мајка ми во Флорида отидовме со неа на ручек и целата беше портокалова од што се нашлакала со некој спреј за самопотемнување. Рече дека си го нарачала од некоја он-лајн продавница. Цело време ни раскажуваше за нејзиното последно патување во Њу Мексико каде присуствувала на некоја НЛО-конференција во Росвел.

И колку и да се трудам да ѝ влезам во логиката, овој воопшто не изгледа како некој што си игра со кодови по цел ден. Шара со погледот низ просторијата и кога погледите ни се пресретнуваат, се насмевнува.

*Дупчиња на образите.*

Длабоки.

Леле мајко. Срцето ми затреперува.

Можно ли е да имам олку среќа?

Изгледа да, зашто типот тргнува право кон мене. Треба да глумам ладна и да го свртам погледот, ама едноставно не можам да не зјапам.

„Адам?“

Ги поткрева рамената. „Па, да речеме.“

Малку ми е чуден одговорот, ама кога ми се насмевнува со дупчињата, мозокот ми се поматува.

„Мило ми е што се запознаваме. Јас сум Френи. Мајка ми е пријателка со Џорџија." Ја затресувам главата. „Леле, извини, сакав да речам, јас сум Џорџија. Мајка ми е пријателка со Френи."

„Мило ми е, Џорџија."

Се поздравуваме. Мојата рака изгледа смешно малечка во неговата.

„Морам да ти признам, воопшто не си таков каков што те замислував. Френи не те опиша баш најдобро."

„Подобро или полошо?"

*Дали се шегува?* „Па... да речеме дека те опиша како некој компјутерџија."

Се сместува на столчето до мене. „Обично не го откривам ова на прва средба со жена, ама имам колекција на фигури од *Војна на ѕвездите*." Посегнува во џебот и вади нешто. „Речиси секогаш носам една со мене. Малку сум суеверен, а тие ми носат среќа."

Адам ја отвора големата рака и открива едно минијатурно фигурче од Јода. Се навалува и го поставува на шанкот пред мене, а низ воздухот се чувствува слаб мирис од неговиот парфем. *Мириса исто толку добро како што изгледа*. Нешто мора да не чини кај човеков.

„Не знам зошто, ама жените не се нешто по *Војна на ѕвездите*", вели. „Или барем не се по возрасен маж што си шета со фигурчиња во џеб."

„Да бидам искрена, јас ги гледам."

Си ја става раката на срце. „Убава жена што гледа *Војна на ѕвездите*? А да не губиме време, да купиме карти за Вегас и да одиме да се венчаме?"

Се насмевнувам. „Може и така, само прво да се уверам дека не си фан на вентрилокизам."

„Мислам дека *Војна на ѕвездите* е доволно."

Шанкерот доаѓа да го послужи. Се изненадувам кога порачува диетална кока-кола.

„Нема да ме дружиш со коктел или чаша вино?"

Одмавнува со главата. „Би сакал, но морам да работам подоцна.“

„Вечерва?“

Кимнува. „Да. Камо да не требаше, а ќе мора и да си одам за кратко.“

Си мислев дека ќе се напиеме нешто на шанк, па ќе вечераме, ама изгледа Френи не разбрала нешто како што треба.

„А-ха, добро.“ Се насмевнувам насила.

Очигледно, Адам го улови тоа.

„Не те лажам, ти се колнам. Навистина морам да работам. Но со задоволство би останал. И кога веќе не можам, дали е прерано да ти кажам дека би сакал да те видам повторно?“

Се напивам од виното. „Хмм... не знам баш. Обично, на прва средба сакам да утврдам дали човекот пред мене е нормален или е некој психопат. Како да бидам сигурна дека не си некој налик на Тед Банди кога планираш да исчезнеш уште во првите 10 минути?“

Адам си ја трие брадата и погледнува на часовникот. „Имам околу петнаесет минути. Што велиш да ги прескокнеме празните муабети и да ме прашаш директно што сакаш?“

„Сè што сакам?“

Ги поткрева рамената. „Отворена книга сум. Пукај.“

Отпивам поголема голтка од виното и се вртам кон него да го гледам право во лице. „Добро. Ама сакам да те гледам во очи додека те распрашувам. Јас не знам да лажам, ама знам добро да ги читам другите.“

Се насмевнува и се врти кон мене. „Почнувај.“

„Добро. Дали живееш со мајка ти?“

„Не. Не сме ни во иста држава. Ама ѝ се јавувам секоја недела.“

„Дали некогаш си бил уапсен?“

„За јавна непристојност, кога бев на факултет. Како услов да се приклучиме на едно братство, нè натераа да

шетаме голи низ центарот на градот. Една група девојки нè запреа и нè прашаа дали некој од нас знае да врти хулахоп. Сите ладно ги одминаа, а јас си помислив дека се кукавици и застанав. Испадна дека не биле кукавици, туку јас бев единствениот што не го виде полицаецот кој излегуваше од продавница два чекори подолу."

Се смеам. „И стварно знаеш да вртиш хулахоп?"

Ми намигнува. „Само гол. Сакаш да видиш?"

Насмевката на лицето ми се проширува. „Ќе ти верувам на збор."

„Штета."

„Кога последен пат си имал секс?"

Ликот му овенува за првпат вечерва. „Пред две недели. Ќе ми го замериш тоа?"

Одмавнувам со главата. „Не мора да значи. Го ценам тоа што си искрен. Можеше да излажеш и да ми речеш дека било одамна."

„Добро. Друго што ќе прашаш?"

„Си бил некогаш во врска?"

„Двапати. Еднаш на факултет и траеше околу една година, а потоа бев година и пол во врска со една жена и таа врска заврши пред две години."

„Зошто раскинавте?"

„Факултетската затоа што имав дваесет години... тоа беше турбулентен период во мојот живот. А другата, таа сакаше брак и семејство, а јас не бев подготвен за тоа."

Се подзамислувам. „Хм... А мене пред малку ми предложи да одиме во Вегас и да се венчаме."

„Таа не беше по *Војна на ѕвездите*", вели подбивно.

Двајцата толку се смееме што не ни забележуваме дека некој застанува до нас. Помислувам дека сигурно го знае Адам, па љубезно му се насмевнувам и го погледнувам, но човекот ми се обраќа мене.

„Извинете што ве прекинувам, ти си Џорџија Дилејни?"

„Да?"

Се насмевнува. „Јас сум Адам Фостер. Френи ми покажа твоја слика, ама беше од некој маскенбал.“ Со раката прави кружно движење покрај главата. „Беше маскирана како принцезата Леја, со фризурата со полжави од страна, па изгледаше малку поразлично отколку сега.“

Му фрлам збунет поглед. „Ти си... Адам?“

И човекот изгледа еднакво збунето како и јас. „Да.“

Типов повеќе одговара на тоа што го очекував: износено кафеаво сако, кратко потстрижена коса на патец, „просечен“ лик што го има во секој ИТ оддел. Ама...

Ако тој е Адам, тогаш кој е овој?

Погледнувам кон типот што седи до мене, барајќи некакво објаснување. Но наместо тоа, добивам прашање.

„Навистина си била облечена како принцезата Леја за Ноќта на вештерките?“

„Да, ама...“

Адам, или кој и да беше овој до мене, ми го става прстот врз усните и се врти кон вистинскиот човек со кој требало да се сретнам.

„Може ли да нè оставиш насамо една минута?“ го прашува.

„Секако.“

Штом „просечниот“ Адам се оддалечува, му се навртувам на „згодниот“ Адам.

„Кој си ти, бе?“

„Извини. Јас сум Макс.“

„Вака редовно се преправаш дека си некој друг?“

Одмавнува со главата. „Те забележав низ прозорецот додека поминував. Насмевката ти беше толку убава што едноставно не можев да поминам покрај тебе без да се запознаеме. Кога сфатив дека чекаш некого, се исплашив дека нема да сакаш да ми дадеш шанса ако ти кажам кој сум. Па... импровизирав.“

„И што ќе правеше ако не се појавеше вистинскиот човек? Ќе продолжеше да глумиш дека си Адам и наредниот пат?“

Макс поминува со раката низ косата. „Не стигнав до таму со размислување.“

Вакви лажговци ме вадат од такт, но оваа ситуација повеќе ме растажи отколку што ме разбесни. Толку убава хемија има меѓу нас и навистина не паметам кога последен пат сум уживала со некој кој штотуку го запознавам.

„Дали ме излажа за сè? Дали воопшто си љубител на *Војна на ѕвездите*?“

Ги крева двете раце. „Жими сè најмило. Единствената лага беше името.“

Воздивнувам. „Па, Макс, ти благодарам за забавата. Ама не сакам да го оставам вистинскиот Адам да чека.“

Не му е драго, ама кимнува со главата и станува. „Мило ми беше што те запознав. Претпоставувам дека би било глупаво да ти го побарам бројот?“

Му фрлам поглед. „Да, баш би било. Убава вечер, Макс.“

Ме гледа неколку секунди, па вади банкнота од паричникот и фрла сто долари на шанкот. „И ти, Џорџија. Навистина ми беше мило што те запознав.“

Макс се оддалечува неколку чекори, ама потоа застанува и се враќа назад. Повторно го вади паричникот, ама овој пат извлекува нешто што личи на карта и ја остава на шанкот пред мене. „Навистина би сакал да те видам пак. Ако средбава со вистинскиот Адам испадне катастрофа или ако се премислиш, ти ветувам дека никогаш повеќе нема да те излажам.“ Покажува кон картата. „Ќе бидам на натпреварот по хокеј во арената *Гарден* во седум и пол ако сепак решиш да ми дадеш втора шанса.“

Зборовите му се искрени, ама јас дојдов за да се сретнам со друг човек. А да бидам искрена, малку сум и разочарана. Одмавнувам со главата. „Не верувам.“

Со натажен поглед, Макс кимнува последен пат и си заминува. Немам време ни да ја средам целата ситуација во главава, а веќе чувствувам некаква празнина додека го гледам како си заминува. Ама штом ми се губи од видик,

до мене седнува вистинскиот човек со кого требаше да се сретнам.

Си залепувам насмевка на лицето. „Извини за ова. Мораше нешто да средиме.“

„Нема гајле.“ Се насмевнува. „Искрено, ми олесна што не морав да глумам витез. Оној не изгледаше баш како некој со кој би сакал да се закачиш.“ Вистинскиот Адам седнува. „Може да ти порачам уште едно вино?“

„Може, фала.“

„Па... претпоставувам дека си голем фан на *Војна на ѕвездите*?“

„А? А, поради маската.“

Адам покажува кон шанкот. „И поради малиот Јода.“

Погледнувам надолу. Макс го оставил фигурчето на Јода. Изгледа не излажа дека е љубител на *Војна на ѕвездите*, штом си шета со фигурче во џеб. Се надевам дека не го носи само како реквизит за да им раскажува бајки на девојки по барови и да лаже како се вика.

Вистинскиот Адам зборува за вештачка интелигенција. И тоа многу.

Се обидувам да си ја вратам концентрацијата по разочарувањето со Макс, ама уште во првите десет минути ми беше јасно дека ова ќе ни биде и прва и последна средба со вистинскиот Адам. Тој не е лош тип, ама меѓу нас нема никаква искра. Ни во погледот ни во муабетот. Јас не сум баш по компјутери и биткоини, што нему очигледно му се пасија, а тој, пак, не се пали на ништо што сакам јас: планинарење, патувања, стари црно-бели филмови. Дури ни одењето на кино не му е интересно. Дали воопшто постои некој што не ужива да седне во кино и да се изгуби пред големото платно со кофа пуканки и еден литар кока-кола? И како шлаг на тортата, кога му раскажав што работам, ми рече дека е алергичен на цвеќиња.

Затоа, кога доаѓа келнерката со мени за десерт, љубезно одбивам.

„Сигурна си дека не сакаш барем кафе или нешто?“ прашува Адам.

Одмавнувам со главата. „Утре сум на работа. Ако се напијам кафе после пладне, не можам да заспијам. Ама благодарам.“

Кимнува, иако се гледа дека не му е баш по мерак како завршува вечерта.

Пред ресторанот се нуди да делиме такси, но јас живеам неколку улици подолу. Му подавам рака за чисто да му стане јасно како ќе заврши вечерта.

„Мило ми беше што те запознав, Адам.“

„И мене. Можеби... можеме некогаш пак да се видиме?“

Секогаш ми било полесно да бидам брутално искрена и да одбијам некој кој се однесувал како кретен. Со вакви како Адам малку ми е незгодно да бидам директна. Ги подигам рамената. „Можеби. Сè најдобро, Адам.“

Иако веќе беше крај на април, ладното никако не сакаше да попушти и да ја пушти пролетта да започне. Додека стојам на семафорот на аголот од ресторанот, налетува еден ладен бран. Ги пикам рацете во џебовите за да се стоплам малку, кога внатре нешто ме боцка. Го вадам да видам што е.

*Јода.*

Пластичните уши му се остри, а на левото има мала шуплинка. Сосема заборавив дека го пикнав во џебот кога се префрливме со Адам од шанкот на маса. Воздивнувам гледајќи го. *Боже, зошто твојот сопственик не беше тој со кој требаше да се сретнам вечерва?*

Не паметам кога последно некој маж ми го разбудил она топло чувство во стомакот. Последен пат тоа ми се случи кога го запознав Габриел. Па, можеби тоа што го најдов Јода во џебот е некаков знак? Семафорот менува светло, па продолжувам да пешачам уште неколку улици, изгубена во мислите.

Дали навистина е толку страшно тоа што се преправаше дека е Адам? Ако беше искрен во тоа што ми го кажа, го сторил тоа само за да ми пријде. Реално, ако дојдеше и ми се претставеше како Макс, сигурно немаше да го поканам да седне. Љубезно ќе му кажев дека чекам некого, без разлика колку и да е зgоден. Така што, не можам баш да го обвинам. Барем не целосно.

Застанувам на уште еден црвен семафор пред последната раскрсница до местото каде што живеам. Додека чекам, погледнувам надесно и неонски светла ме заслепуваат. Медисон Сквер Гарден. Е, ова дефинитивно е знак. Буквално. Со Јода во џебот и тоа што патот ме носи токму пред местото каде што е лажниот Адам, можеби ова е повеќе од обична случајност.

Проверувам на телефонот колку е часот. Осум и дваесет. Рече дека ќе биде таму во седум и пол, ама знам дека натпреварите траат по неколку часа. Да одам ли?

Си ја загризувам усната. Луѓето околу мене тргнуваат на зеленото светло, а јас стојам во место и зјапам во Јода.

*Да му се сневиди.*

*Зошто да не?*

*Што имам да изгубам?*

Најлошото што може да се случи е да исчезне искрата или да покаже дека лажењето му е стил на живот. А најдоброто... можеби ќе ми донесе нешто што одамна ми недостасува. Нема да знам ако не се обидам.

Секогаш сум била претпазлива со изборот на мажи. И што добив од тоа? Се претворив во дваесет и осумгодишна зависничка од работа, која оди на средби што ѝ ги мести мајка ѝ преку нејзините другарки. Е па, овој пат ќе ризикувам.

По донесената одлука, со трчање одам кон Медисон сквер гарден, дури и со штиклите на нозе. Му го покажувам билетот на редарот внатре кој ме води кон моето место.

Додека се спуштам по скалите, гледам наоколу и сфаќам дека сум малку предотерана. Повеќето од луѓето се во дресови и фармерки. Некои се дури и без маици, со

обоени тела. А јас во свилена крем блуза, црвено, тесно здолниште и штикли. Барем Макс беше убаво облечен кога се видовме.

Не забележав на картата во кој ред сум, ама местото очигледно е добро бидејќи се спуштаме сè подолу кон мразот. Кога стигнуваме до самиот крај, редарот ми покажува со раката. „Тука сте. Второто седиште по ред.“

„Прв ред, директно на средина.“

Редарот се насмевнува. „Ние ова го викаме во центар на мразот.“

„А-ха.“ Седиштето до мене е празно, а Макс го нема никаде. „Случајно да не го видовте човекот кој треба да седи до мене?“ го прашувам.

Редарот ги крева рамената. „Не знам, мислам дека уште никој не е пристигнат. Уживајте во натпреварот, госпоѓице.“

Редарот заминува, а јас стојам и гледам во празното седиште. Не размислив за ова сценарио. Можеби воопшто нема да се појави. А може ли да те изигра некој кој и не знае дека ќе дојдеш? Не сум сигурна. Ама штом сум тука веќе, ќе седнам и ќе почекам да видам дали ќе дојде. Рече дека ќе работи вечерва, па можеби само доцни. А можеби е тука некаде, во тоалет или по пиво.

Една жена седнува од другата страна до мене и ми се насмевнува додека се сместувам. „Здраво. Дојде да го гледаш Јервуд? Вечерва е незапирлив, веќе има два голови дадено. Штета што можеби нема да го задржат за следната сезона.“

Одмавнувам со главата. „А, не. Всушност, чекам некого. Никогаш досега не сум била на хокеј во живо.“ Баш кога го кажувам тоа, двајца играчи се удираат во стаклото право пред мене. Потскокнувам, а жената до мене се насмевнува додека тие се оддалечуваат по мразот.

„Тоа често се случува. Ќе се навикнеш.“ Ми подава рака. „Инаку, јас сум Џена. Жената на Томасо.“ Ми покажува кон теренот. „Број дванаесет.“

„Изгледа сум седната до вистинската личност за мојот прв натпревар.“ Си ја ставам раката на градите. „Јас сум Џорџија.“

„Ако ти треба објаснување за нешто, Џорџија, само кажи.“

Наредните дваесет минути се обидувам да го гледам натпреварот, но цело време фрлам погледи кон скалите и чекам дали ќе се појави Макс. За жал, тоа не се случува. До девет часот ми станува јасно дека само си го изгубив времето. Утре рано имам состаноци, па решавам дека е време да си одам. Семафорот покажуваше дека останува уште помалку од една минута до крајот на втората третина, па си велам ќе почекам да заврши за да не им ја попречувам глетката на луѓето додека се качувам по скалите. Фановите беа премногу внесени во натпреварот.

На девет секунди пред крајот, еден од играчите постигнува гол и сите во салата полудуваат. Сите срипуваат, па станувам и јас, искористувајќи го моментот да си го облечам палтото. Се наведнувам кон жената до мене и ѝ довикувам. „Очигледно ништо не бидна од договореното вечерва, па јас полека ќе си одам. Убава вечер.“

Но додека се вртам за да си заминам, нешто ми го привлекува вниманието на големиот екран. Играчот што го даде голот го држи стапот во воздух славејќи, додека соиграчите го удираат по главата. Кацигата му покрива поголем дел од лицето, но тие очи... *Тие очи ми се познати.* Играчот го вади штитникот од уста, го мавта во воздух и се насмевнува право кон камерата.

*Дупчиња.*

Длабоки.

Зјапам во екранот.

Не... нема шанси.

Продолжувам да гледам подзината додека е тој на екранот.

Жената до мене завршува со навивањето и ми се обраќа. „Виде? Ти реков дека е незапирлив вечерва. Ако си првпат на хокеј, си погодила супер натпревар. Ретко се случува некој да даде три гола во една третина. Јервуд ја игра сезоната од соништата. Штета што остатокот од тимот не го следи во тоа.“

„Јервуд? Така се вика оној што даде гол сега?“

Џена се насмевнува на моето прашање. „Да. Капитенот на тимот. Во моментов важи за најдобар играч во целата лига. Го викаат убавецот и мислам дека ти е јасно зошто.“

„Како му е името?“

„Макс. Мислев дека го познаваш штом седиш на едно од неговите места.“

„Еј, убавецу. Бараш некого?“

Макс излегува од соблекувалната. Погледнува прво десно, па лево, ама не ме забележува дека седам на клупата точно спроти влезот.

Кога конечно ме здогледува, му се развлекува насмевка на лицето и се упатува кон мене. Знаеше дека сум тука. Малку пред да заврши втората третина, се доближи до стаклото пред моето седиште и почна да тропа. Ама не знаеше дека жената до мене ми даде пропусница за да можам да слезам долу во соблекувалната за да го видам по натпреварот.

„Ме чекаш...“

Го вадам Јода од џебот и го покажувам на дланката. „Морав да ти го вратам. Рече дека си суеверен.“

Го зема од мојата рака и повторно ми го става во џебот на јакната. Потоа ги испреплетува неговите прсти со моите. „Таков сум. А вечерва ми беше најдобриот меч во кариерата. Па, погоди каде треба да биде Јода отсега па натаму на секој следен натпревар?“

„Каде?“

„Во џебот на мојата девојка додека седи на мое седиште.“

„А-ха, сега сум ти девојка, а?“

Ги крева нашите споени раце во воздух. „Можеби уште не. Но вечерта е пред нас.“

„Речиси е единаесет часот, а јас морам да работам утре.“

Макс ме гледа право во очи. Телото ми затреперува. Ги крева нашите споени раце и ја бакнува мојата.

„Драго ми е што дојде“, ми вели. „Не бев сигурен дека ќе дојдеш.“

„Навистина?“ Ја наведнувам главата. „Нешто ми вели дека обично го добиваш тоа што го сакаш.“

„Лошо ли е тоа? Можеби тоа е така затоа што сум маж кој не се откажува лесно. Немам проблем да се потрудам за нешто што го сакам.“

„Кажи ми… дали мораше толку да се потрудиш и за жената со која спиеше пред неколку недели?“

Макс се насмевнува и одмавнува со главата. „Ти си вистински предизвик, знаеш?“

„Што ако ти кажам дека убавите зборови не ми се доволни за да те пуштам во кревет?“

Ја крева веѓата. „Баш никогаш?“

Се насмевнувам. „Знаеш што сакам да кажам.“

„Во ред е. Не ми се брза. Ќе одиме барем на еден пијалак?“

Се насмевнувам. „*Еден*. Утре морам да станам рано, навистина.“

„Договорено. Ќе се задоволам и со тоа.“ Ја става раката околу моите рамена и почнуваме да одиме. „Ама да те предупредам. Без разлика од кој излез ќе излезам, обично пред салата има луѓе што чекаат за автограм. Не ми се допаѓа да ги одминам, па можеби ќе ни треба малку време додека да излеземе оттука.“

Ми се допаѓа тоа што застанува за своите фанови. „Добро.“

Луѓето почнуваат да викаат по него во истиот момент кога излегуваме. И не беа баш малку. Од двете страни ни се приклучуваат луѓе од обезбедувањето, додека тој дава автограми. Неколкумина бараат да се сликаат со него, па тој се наведнува и позира за камерата со широка насмевка. Дупчињата очигледно си ја вршат работата. Некои му изјавуваат вечна љубов, други му поставуваат прашања за вечерашниот натпревар. Макс сè прифаќа со леснотија, одговара во добро расположение. Поминува речиси половина час додека толпата полека не се разретчи. Кога стигнуваме до последните неколкумина, едно момче на околу осумнаесет години ме погледнува додека Макс му дава автограм.

„Девојка ти е? Многу е јака."

Макс застанува на среде потпис и го гледа момчето со сериозен поглед. „Еј, внимавај како зборуваш. Имај почит кон жените, особено кон оваа. Можно е да биде идната госпоѓа Јервуд." Погледот му се сретнува со мојот. „Само што таа уште не го знае тоа."